ОПШТИНА ИЛИНДЕН

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07-31.12.2025 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 11-11/1 | | Саше Ристовски<br>[име и презиме] |
| Датум: | 05 .01.2026 година | | Раководител на одделение<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | СКОПЈЕ | (м.п.) | <br>[потпис] |

**Содржина:**


I. **Резиме**
II. **Управување со ризици**
III. **Организација и раководење**
   III. 1. Правен статус на институцијата
   III.2. Раководство
   III.3. Надлежности
   III.4. Органицациона структура
   III.5. Состојба со човечи ресурси
- **Табеларен преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзори во 2025 година, по вид, возраст и звање (Табела 1)**
- **Табеларен план за нови вработувања и пензинирања на инспектори(Табела 2)**
- **Табеларен преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во период од 01.07-31.12.2025 година, по региони и општини (Табела 3)**

IV. **Инспекциски надзори**
V. **Обука на инспекторите и административните службеници**
VI. **Буџет и финансирање**
VII. **Меѓународна соработка**
VIII. **Други активности на инпекциската служба**
IX. **Соработка со останати институции**

**Резиме**

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019,272/24 и 22/25), и согласно со "Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциската служба" објавен во (Сл.Весник на РСМ бр.238/2019), Раководителот на инспекциската служба донесува шестмесечен извештај за работата на инспекциската служба, односно во овој случај Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат најдоцна до 15 јули за периодот јануари-јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 јануари 2026 година за периодот јули-декември од претходната година, кој потоа се објавува на веб страната на општина Илинден.

Во шестмесечниот извештај се презентирани активностите на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат кои беа превземени во тој период со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор во сите области на инспекцискиот надзор од надлежност на инспекцијата на општина Илинден согласно со постоечката законска регулатива во периодот од 01.07-31.07.2025 година.

**Управување со ризици**

Заради спецификата на секој инспектор во рамките на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат,анализата на остварените ризици, начините на кои конкретната инспекција ги надминувала ризиците, како и евентуалните промени во состојбите со проценетите ризици е дадена поодделно за секој вид на инспектор во текстот подолу.

Како заеднички дополнителен ризик, кој за жал продолжи и во оваа година од изминатата 2025 година, се секако недоволниот број на инспектори кое влијаеше и на функционирањето на секој инспектор во Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат а кои не беа во можност целосно да ги извршуваат контролите заради законските ограничувања за работа на субјектите на надзор поради воведување на лиценца за инспектор.

**Организација и раководење**

Одделението за инспекциски назор-Инспекторат е орган во состав на општина Илинден како единица за локална самоуправа во својство на правно лице.

Одделението за инспекциски надзор –Инспекторат за периодот од 01.01.2025-30.06.2025 година беше раководен од административен службеник со звање Раководител на одделение -Виш инспектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на одделението.

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат е составено од 3 (три) општински инспектори кои поседуваат лиценца за инспектори согласно Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/19,272/24 и 22/25) од кои 1(еден) за инспекциски надзори во областа животна средина и 2(два) за надзори во областа на комуналните дејности и еден(еден) просветен инспектор кој не поседува лиценца и е во постапка за добивање.

1.1 Надлежности

Одделението за инспекциски надзор -Инспекторати врши инспекциски надзор над следните закони:

- Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 102/19,272/24 и 22/25 и 133/25);
- Закон за комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14,44/15,147/15 , 31/16,64/18 ,302/20,255/24,3/25 и 17/25);
- Закон за јавна чистота („Сл. весник на Р.М“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10,130/10 пречистен текст, 23/11,53/11,80/12, 163/13 ,44/15,147/15 и 31/16 ,122/21 и 255/24);
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12,100/12,163/13,146/15);
- Закон за бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/11, 163/13);
- Закон за води (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12,23/13,163/13,180/14,146/15 и 52/16);
- Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/15; 192/15; 39/16; 28/18; 65/18 ,99/18,89/22,171/21,03/25 и 124/25);
- Законот за управување со отпад (Службен весник на РСМ бр.216/21);
- Закон за прекршоци (Службен весник на РМ бр. 96/19 и 253/23);
- Закон за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/2015);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води (“Сл. весник на РМ “ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11 , 54/11, 163/13 ,10/15,147/15 и 31/16); Одлука на Уставен суд на Р.М У бр.199/05 од 24.11.2007г. („Сл Весник на РМ“ бр. 16/07);
- Закон за гробишта и погребални услуги („Сл. весник на РМ“ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/13,152/15,31/16,255/24 и 101/25);
- Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Илинден (Сл.Гласник на општина Илинден 06/14)
- Закон за урбано зеленило(„Сл. весник на РМ“ бр. 11/18,42/20,224/24 и 72/243)

Инспекциските надзори согласно со Законот за инспекциски надзор од страна на општинскиот комунален инспектор се спроведуваа како:
- редовени,
- контролни и
- вонредени инспекциски надзори.

Инспекциските надзори се спроведуваа над работењето на јавните комунални претпријатија утврдени со Законот за комунални дејности и над физички и правни лица на кои општина Илинден им дала дозвола за вршење на комунална дејност, како и на физички и правни лица како корисници на комуналните услуги и тоа во однос на:
- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период;

- редовна контрола на градилиштата во однос на излегување на камиони и други градежни машини од градилиштата на улица со валкани тркала и непокриени со поклопец- церада;
-редовна контрола и дежурства на диви депонии и контроли заради палење на комунален отпад од страна на несовесни граѓани;
- контрола и учество во есенско и пролетно чистење на урбаниот дел на општината;
- расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради;
- редовна контрола на угостителските објекти во однос на користење на
- јавна површина пред деловните простори;
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици;
- одржување и користење на градските паркови, парк-шумите на подрачјето на општина Илинден, водените и спортско-рекреативни зони утврдени со Урбанистички планови и општи акти ;
-снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем со кој управува ЈКП Водовод н.м Илинден;
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- контрола на одржувањето и чистење на сливниците за атмосферски води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како даватели на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;

Проценката на ризици во Одделението за инспекциски надзор – Инспекторат на општинскиот комунален инспектор беше средна до висока со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, висок до значителен ризик во контролата на бесправно градење, бесправно користење на јавна површина и несодветно фрлање на отпад на места што не се определени за таа намена .

Досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор, затоа и контролите во тој дел од активностите беа позачестени.

Инспекциските надзори согласно со Законот за инспекциски надзор од страна на општинскиот инспекторот за животна средина во периодот од јули-декември 2025 година се вршеше редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Општинскиот инспектор за животна средина вршеа инспекциски надзор, над правни и физички лица, во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти и тоа како:
- редовен
- вонреден и

- контролен инспекциски надзор

Во таа смисла со инспекциски надзор беа опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција посебно внимание им беше дадено на следните аспекти од работењето:

- утврдување на капацитетот, активностите и видот на производство на операторот и инсталацијата и дали подлежи на издавање на интегрирани еколошки дозволи ( Б) или елаборат за заштита на животната средина согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје.
- контрола и опис на операторот и инсталацијата од аспект на суровините,
- материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- увид во работните простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола, а на кои се одвива работниот процес и /или се одлагаат суровини и други материјали кои се користат во работењето и/или се третираат како отпаден материјал;
- контрола на активностите на операторот и инсталацијата кои ја загрозуваат или можат да ја загрозат животната средина и превземање на понатамошни со Закон предвидени мерки;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци (мерења) за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина.

Во периодот на кој се однесува овој извештај, приоритет беше контролата на инсталациите кои подлежат на издавање Б интегрирани еколошки дозволи, но и инсталации на кои им се одобрени Елаборати за заштита на животната средина од страна на општината , а кои се проценети како потенцијални загадувачи на воздухот.

Ризиците при вршењето на инспекциски надзор на инспекцијата за животна средина се проценети како ризици со средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно умерен до значителен ризик во контролата на емисијата на штетни материи во воздухот од страна на правни и физички лица каде што досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите во одреден период од годината.

За намалување на истите беа превземени повеќе мерки меѓу кои во вонредни мерења кај инсталации детектирани како потенцијални загадаувачи на амбиенталниот воздух.

Сепак, и покрај сите горенаведени ризици со кој се соочивме во периодот кој е предмет на овој извештај, резултатите покажуваат дека инспекцијата за животна средина има постигнато солидни резултати.

Исто така, во овој период редовно и навремено се одговораше на иницијативите и барањата, односно на пријавите поднесени од страна на државни органи, физички или правни лица, во кои се наведува дека има индиции за загрозување или потенцијална можност за загрозување на животната средина.

(1) **Други надлежности на Одделение за инспекциски надзор –Инспекторат**

Одделението за инспекциски надзор -Инспекторат ги врши следните работи:

- ја остварува и спроведува Годишната програма за работа на Инспекторатот;
- врши инспекциски надзор од областа на животната средина и природата и во областа на комуналните дејности(комунални услуги кои се делат на услуги за задоволување на инвидуалната потрошувачка и услуги за задоволување на заедничка потрошувачка
- изготвува информации и други потребни документи за спроведување на прописите од областа на животната средина и природата и областа на комуналните дејности;
- врши инспекциски надзор врз градби од втора категорија
- доставува мислења и предлози до Секретарот и Градоначалникот на општината за координација на работата во одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и природата и комуналните дејности како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- врши редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност
- надзор над чистење на каналската мрежа од подрачјето на оопштина Илинден како дел од ХМС Скопско Поле-Скопје согласно Акционен пнан за чистење на каналската мрежа за 2025 година и Годишната програма на АД Водостопанство Скопско Поле-Скопје за 2025година
- Активно учество во рамки на проектот „Зелена општина Илинден” во општина Илинден во соработка со ЈП „Македонски шуми”, ЈКП „Илинден” и општествено одговорни компании за спроведува голема акција за пошумување и засадување на декоративни садници на јавни зелени површини
- Надзор над Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територија на Општина Илинден за 2025 година , Акциониот план за краткорочни и долгорочни мерки за вектор преносливи болести изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје –Скопје за ларвицидна и терестичка дезинсекција,дезинфекција и дератизација
- Надзор по издавање на налог на вршителот на услуги со кој имаме склучено договор за заловување,третман и ветринарни услуги по укажана потреба и по барање на граѓаните на општина Илинден за заловување на кучињата скитници од подрачјето на општина Илинден
- Учество во хуманитарни акции
- Заради поголема безбедност на сите учесници во собраќајот е извршено бележење на хоризонтална сигнализација на територијата на општина Илинден како и поставување на вертикална сигнализација на раскрсници,критични места и по укажана потреба од граѓаните
- Во кординацицija со МВР Скопје -ПСОН Гази Баба ПО Петровец континуирано се врши акција за отстранување на неприписно паркирани патнички и товарни моторни возила од тротоари,раскрсници и автобуски стојалишта како и пребрзо возење

од страна на несовесните возачи по претходно доставени писмени барања до МВР како надлежен орган над спроведување на законската регулатива со која е уредена оваа проблематика бидејќи превенција за безбедност на сообраќајот на територија на Општина Илинден е на многу ниско ниво од страна на несовесните возачи.

- Учество на административни службеници од одделението за инспекциски надзор –Инспекторат во комисијата за разгледување на барања за доделување на еднократна парична помош за набавка на инвертер клими или соларни панели во 2025 и доделување на еднократна парична помош за набавка на велосипеди во 2025 година
- Континуирано учество од страна на одделението за инспекциски надзор –Инспекторат во реализација на капитални проекти на општина Илинден во делот на комунална и патна инфраструктура,фекална канализација,,нови детски игралишта со поставување на урбана опрема,реконструкција на спортски игралишта,партнерно уредување на Бучинско езеро и нов парк плоштад во н.м Марино
- Активно учество во работната група за обезбедување на податоци и подршка во изработка на локален акционен план за животна средина (ЛЕАП)за потребите на општина Илинден
- Изготвување на записници од увид на лице место согласно Законот за бесправно изградени објекти по барање од граѓаните и по службена должност како членови од комисијата за легализација.
- Изготвување на записници од увид на лице место согласно Законот за располагање со градежно земјиште по барање од граѓаните и по службена должност како членови од комисија

***Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање***

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за комунални работи | | | | | | Вкупно Инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 |
| В1 – советник инспектор | | | | 1 | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | 1 | | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | 1 | | 1 | | | 2 | | | 2 | | | 2 | 1 | 0 | 3 |

**Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори**

| Вид | Градежен Инспектор | | | Просветен Инспектор | | | Вкупно Инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. | | | 0 | | | 0 | | | 0 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| инспектор | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 2 | | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 |

**Табела 1 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во период од 01.07-31.12.2025 година, по региони и општини**

Планирањето на редовните инспекциски надзори е направено врз основа на анализи на секој од трите типови инспектори поединечно согласно статусот на правните субјекти и нивната физичка локација по општини во однос на усогласеноста со регулативата и условите од различните типови на дозволи и секако анализи од инспекциските надзори во годините наназад.
Од страна на општинските Инспектори(комунален и инспектор за животна средина) има максимална посветеност во однос на спроведувањето на законодавството од областа на животната средина и комунални дејности што резултира со намалување на еколошки инциденти од страна на субјектите, а соодветно на тоа и бројот на очекувани неправилности, како и акти во инспекциска постапка, решенија, платни налози, покренување постапки за санкционирање како прекршочна или кривична постапка и т.н ”паметно” планирање на редовните инспекциски надзори

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 1 | Велес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Градско | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 6 | Неготино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Росоман | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Источен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 10 | Берово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Виница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново-Облешево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Штип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Југозападен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 21 | Вевчани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | Охрид | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 30 | Богданци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 32 | Валандово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 33 | Василево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Пелагониски регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 40 | Битола | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 45 | Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 48 | Ресен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Полошки регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 49 | Боговиње | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Брвеница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | 0 | 0 | 0 | 00 | 0 |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Североисточен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 58 | Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Скопски регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 64 | Аеродром | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 67 | Гази Баба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 70 | Илинден | **25** | **10** | **33** | **68** | **18** |
| 71 | Карпош | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Центар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 78 | Чаир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 81 | Скопје | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **25** | **10** | **33** | **68** | **18** |

*Напомена: Согласно Законот за инспекциски надзор јасно е опишано што претставуваат редовни, вонредни односно контролни инспекциски надзори. Планирањето како поим е пред се наменето за редовните инспекциски надзори кои се планираат однапред и дел се најавени кај правните субјекти кои се предмет на надзорот.

Бројката на редовни планирани надзори е реална и неможе да се доведува во никаква корелација со претходни години, затоа што секоја година е различна секоја за себе, пред се од усогласеноста на субјектите со законодавството и различната фреквенција на инспекциски надзори врз основа на Методологијата на ризици при инспекциските надзори во областа на животната средина и различните барања од европските директиви во делот на инспекција во животната средина и комунални дејности.

Во случајот кај вонредните и контролните инспекциски надзори истите не се планираат однапред, односно единствено е возможно следење на трендовите и анализите од претходни области, по населени места во општината и секако закони како најмериторен индикатор. Оваа анализа е посебно од значење за планирање на времето кое секој општински инспектор го имаат на располагање во текот на месецот, односно со одредени вонредни инспекциски надзори да не се наруши балансот за планираните редовни инспекциски надзори.

-Вонредните инспекциски надзори се вршат при вонредни ситуации/настани затоа е и самиот назив вонредни, односно по претставки и иницијативи и однапред неможе да се планираат и да се знае дали и колку ќе има иницијативи од физички и правни лица, органи на државна и локална управа, Инспекцкиски Совет и Градоначалник и по службена должност.Планирањето однапред може да доведе до нарушување на критериумот за успешност на инспекторите при планирани вонредни и нереализирани.

-Контролните инспекциски надзори се надзори кои се вршат доколку инспекторот има изготвено акт во инспекциска постапка-решение со мерки и даден рок и по неговиот истек се врши контролен инспекциски надзор, тие не се и неможат да бидат во директна корелација со бројот на очекувани неправилности, затоа што може да се случи и контролен надзор кај правен субјект кај кој не се очекувани неправилности и однапред неможе да се планираат. Овие надзори единствено може да се прикажат во месечните планови на Инспекторатот каде од месец до месец однапред се знае дали ќе има или нема контролен инспекциски надзор. И овој вид на надзор е јасно опишан во Законот за инспекциски надзор.

Во текот на 2025 година согласно законската легислативата на 25 закони и околу 30 подзаконски акти планирани да се реализираат вкупно 40 редовни инспекциски надзори, а следејќи ги анализираните трендови од годините наназад може да се очекува одреден број на вонредни односно контролни инспекциски надзори.

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во текот на 2025 година согласно Годишната програма за работа, одделението за инспекциски надзор-Инспекторат се вршеше континуиран професионален развој на општинските инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република С.Македонија и добрата европска пракса.

Општинските инспектори земаа активно учество на повеќе семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони- специјализирани обуки, организирани од страна на ЗЕЛС и надлежните министерства, додека пак реализацијата на генеричките обуки предвидени со Годишниот план за генерички обуки на Одделението за инспекциски надзор -Инспекторат за период од 01.07-31.12.2025 година во согласност со Законот за инспекциски надзор, за сите инспектори не е спроведена во целост и се посетени 3(три) планирани генерички обуки.

Сите општински инспектори од одделението за инспекциски надзор-Инспекторат ќе имаат континуирани специјализирани обуки за материјалните закони по системот на е-обуки, области: инспекциски надзор,животна средина, заштита на природата, води ,отпад,комунални дејности,јавна чистота,урбано зеленило, снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води односно сите закони за кои се надлежни од овие области.

**Буџет и финансирање**

Во буџетот на општина Илинден за 2025 година, за потребите на Одделението за инспекциски надзор - Инспекторат, беа предвидени парични средства за асистенција на МВР, како и средства за ангажирање на правни субјекти за испитување на квалитетот на водите, воздухот, почвата и бучавата.

Исто така беше побарано од одделението за финансии да се предвидат дополнителни финансиски средства за задолжителни обуки, како и средства за задолжително осигурување на инспекторите заради поголема заштита при извршување на работните задачи и активности на терен, како и поради поголема професионалност и поквалитетно спроведување на активностите при вршењето на инспекциските надзори над субјектите на надзор

Врз основа на предвидените и планираните средства беа склучени договори со акредитирани лаборатории за испитување на квалитетот на водите, воздухот и почвата и бучавата чија што реализација е во тек.

**Меѓународна соработка**

Во текот на 2025 година не беше реализирана планирана меѓународна соработка освен во кординација со државните инспектори и локалните општински инспектори на настани во РСМ, TAIEX Програми, останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби во областа на животна средина и ком.дејности сврзани со инспекцскиот надзор.

**Други активности на инспекциската служба**

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2025 година ќе ги изготви и следните активности:

1. Годишен Извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2025 година

Рок: 31 Јануари 2026 година, согласно Законот за Инспекциски надзор

1.1 Квартален извештај за период од 01.01.2025-31.03.2025 и 01.07.2025-30.09.2025 год

Рок: 31 март 2025година и 01.10.2025 година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор

1.2 Полугодишен извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат во текот на 2025 година за период од 01.01-30.06.2026година

Рок: 15 Јули 2025 година, согласно новиот Закон за Инспекциски надзор

2. Годишен План за работа на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за 2026 година.

Рок: 15 ноември 2025 година согласно Законот за инспекциски надзор

3. Публикација на различен тип информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Интернет страната на општина Илинден. Годишен Извештај, рок до крај на јануари 2026 година.

Рок: Континуирано.

5. Изготвување на Листи за проверка за вршење инспекциски надзор за различен тип на инсталации кои поседуваат Елаборати за жив.средина и Б-ИКСЗ.

Рок: Континуирано.

6. Доставување на барања до МВР и други надлежни институции за водење на инспекциски постапки(Управа за јавни приходи и Агенција за вработување),Државен пазарен инспекторат,Државен инспекторат за транспорт ,Државен градежен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за животна средина, Државен комунален инспекторат и Агенција за храна и ветерина.

Рок: Континуирано.

Направена е анализа за набавка на мобилни смарт камери кои ќе се поставуваат на критични точки и места каде се создаваат депонии и истите во реално време ќе даваат информации односно фотографии до инспекторите доколку некој незаконски врши одлагање на разновиден отпаден материјал согласно Законот за прекршоци ќе бидат користени во судски постапки.

Исто така повторно во функција беше ставена и апликацијата Пријави проблем и Прашај го Градоначалникот преку која на инспекторите им се доделуваа задачи односно налози за нивно постапување по директно барање на странки преку истата апликација. Целиот предмет се следеше преку апликацијата до која фаза е во инспекциската постапка и инспекторот беше должен да даде известување за постапката односно какви инспекциски мерки се превземени.

Апликацијата претрпе повеќе подобрувања и усовршувања со цел постигнување на поголема ефикасност во работата на инспекторите, како и поголема достапност на инспекцијата за граѓаните.

Во периодот од месец октомври до декември 2025 година, односно во периодот кога започнува сезоната на греење до април 2026 година, како и во сите изминати години, комуналната инспекција, комуналните редари, како и инспекторите за животна средина работеа во смени и дежурства и беа постојано достапни заради лоцирање на палење на огнови на отворено, како и друго загадување на просторот и постапуваааа веднаш на лице место.

Екипите беа и во постојан контакт со Противпожарната единица на Град Скопје заради брзо гаснење на огновите и размена на информации при палење на оган од страна на несовесни граѓани како и намерно палење на стрништа и од страна на граѓаните на општина Арачиново.

Исто така, инспекторите од Одделението за инспекциски надзор- Инспекторат редовно соработуваа и со општинските инспекции на територијата на градот, како и со државните инспектори од државните инспекторати а особено со Државниот инспекторат а животна средина, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за земјоделство,шумарство и водостопанство како и со МВР,АД ОКТА,АД Макпетрол ,ТАВ Македонија и АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост подружница Скопско Поле-Скопје како и континуирано со јавните претпријатија на општината (ЈКП Илинден и ЈКП Водовод н.Илинден)

**Соработка со останати институции**

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат вклучена е во процесот на издавање Б-ИСКЗ дозволи односно и одобрување/одбивање на Елаборати за жив.средина, а остварува континуирана соработка со МВР, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за Управување со кризи, институции на централно, локално и регионално ниво како ЗЕЛС и со јавните општински комунални претпријатија ЈКП Илинден и ЈКП Водовод како и соработка со правосудни органи(судови),Централен Регистер на РСМ,Агенција за Вработување на РСМ ,Министерство за животна средина и просторно планирање,Државен инспекторат за животна средина, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за транспорт Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за земјоделство,шумарство и водостопанство и Агенција за храна и ветерина.

Исто така согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер одделението обезбедува пристап до истите и соработува со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исто така целосно се почитуваат и законските одредби од Законот за заштита на личните податоци.

Ваквата соработка, Инспекторатот ја остваруваше и со Инспекцискиот Совет согласно законската рамка, со Државните Инспекторати и инспекциските служби на локално ниво пред се со Овластените општински инспектори за животна средина и општинските комунални инспектори .

Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки, како и координирани инспекции за поефикасно спроведување на законодавството.

**Заклучоци и препораки**

Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат преку своите законски надлежности во повеќе области покрива покрива територија од 106,7 $км^2$,воедно при извршување на своите обврски редовно се наметнува потреба од соработка со другите локални инспекции во општините во Град Скопје како и со МВР.

При долгогодишната соработка со овие органи е констатирана недоволен број на општински инспектори од повеќе области и затоа апелираме за зајакнување на нивните капацитети, со што ќе се подобри и успешноста во справувањето со разни проблеми од општински карактер како: одржување на комуналниот ред, јавната чистота, животната средина,управување со комунален цврст отпад и слично или пак формирање на еден посебен инспекциски орган за целата територија на градот, во кој ќе бидат лоцирани сите инспекции од општините во град Скопје и руралните општини Илинден,Петровец,Арачиново,Зелениково и Чучер Сандево во делот на нелегални градби

Исто така, сметаме дека е потребно формирање на комунална полиција за градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на Инспекторатот или пак како посебен орган, по примерот на повеќето главни градови во соседните земји. Комуналната полиција има повеќе надлежности, ингеренции и можности за непосредно делување на терен, а со тоа и поголема ефикасност.

Во однос на препораките кои се однесуваат на самата инспекциска служба, останува потребата од доекипирање на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат со административни службеници: правници, економисти, и друг административен кадар, кои ќе бидат логистичка поддршка на Одделението, што се наметна како потреба со донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор со кој се зголеми потребата од административна работа, водење на разни регистри, инспекциски евиденции, обработка на податоци и слично.

Доставено до:
-Архива
-општински инспектори

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Одделение за инспекциски надзор
-Инспекторат-
Раководител
Саше Ристовски

Датум на изработка:
05.01.2026 година